**20231662960**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 јули 2023 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ**

Член 1

Во Уредбата за постапката за доделување на финансиска поддршка за складирање на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.126/16) во членот 1 по зборот „пченицата“ се додаваат зборовите „и јачменот“.

Член 2

Во членот 2 зборовите „дел од“ се бришат.

Член 3

Во членот 3 зборот „шест“ се заменува со зборот „девет“.

Член 4

Членот 4 се менува и гласи:

„Корисници на финансиската поддршка за складирање се земјоделски стопанства евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства кои претходно имаат поднесено барање за директни плаќања по обработлива земјоделска површина согласно годишната Програма за финансиската поддршка во земјоделството и кои имаат склучено договор за складирање на земјоделските производи од член 1 на оваа уредба кои тие ги произвеле.

Корисниците на финансиската поддршка за складирање покрај условите од став 1 на овој член, во случај на земјоделските производи - пченица и јачмен од домашно производство на кои се однесува интервенциската мерка согласно член 37 став (2) алинеја 2 од Законот за земјоделство и рурален развој, треба да имаат и складирано најмногу до 5 000 тони одделно за секој од земјоделските производи од член 1 од оваа уредба за остварени приноси најмногу до пет тони по хектар од пријавените земјишни капацитети од барањето за директни плаќања.“

Член 5

Во членот 5 во ставот 1 бројот „80“ се заменува со бројот „100“.

Ставот 2 се менува и гласи:

За земјоделските производи - пченица и јачмен од домашно производство на кои се однесува интервенциската мерка согласно член 37 став (2) алинеја 2 од Законот за земјоделство и рурален развој, цената на услугата за складирање може да изнесува најмногу до 120 денари по тон за месец, со вклучен ДДВ.“

Член 6

Во членот 6 став 1 во алинејата 1 точката и запирката се заменуваат со сврзникот „и“.

Во алинејата 2 сврзникот „и“ се заменува со точка.

Алинејата 3 се брише.

Во ставот 2 во алинејата 4 запирката се заменуваат со сврзникот „и“.

Во алинејата 5 сврзникот „и“ се заменува со точка.

Алинејата 6 се брише.

Ставот 3 се менува и гласи:

„Податоците од став 2 на овој член се поднесуваат до Агенцијата еднаш месечно и тоа последниот ден од месецот кој опфаќа период за исплата за еден месец“.

Член 7

Во членот 7 зборовите „и е давател на комерцијална услуга за складирање“ се бришат.

Член 8

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-7660/3
25 јули 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.